**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 169/22**
**29/12/2022 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите, а согласно член 112 став 1 од Судскиот Деловник, по одржаната седница на судии на ден 27/12/2022 година и доставените мислења од судиите, на ден 29/12/2022 година го донесе следниот

# Распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2023-та година

**1. Претседателот на судот Билјана Толова** ќе го преставува судот, ќе ја организира работата на судот, ќе превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува по:

- предмети од судска управа (уписници „Су“, „Су-01“, „Су-02“, „Су-03“, „Су-04“, „Су-05“, „Су-06“, „Су-ИЗЗ“, „Су-дов“, „Су-стр дов“);
- предмети од уписник „УПП“ (поплаки и преставки) и уписник „СПИ“ (слободен пристап до информации);
- предмети од уписник „Зав-х“;
- парнични предмети од уписник „П-2“;
- предмети од уписниците „Пл-1 П.“ и „РО“
- повторно заведени предмети од судија Лазар Ризов од уписник „Пл-1.П“ и „РО“ по автоматска распределба
- како Претседател на Кривичен совет (уписници „Кс“; „Ксп“, „Кс-Кр“, „КП“, „Кук“, „УО“ и „К.ПОВ“), како и по предметите од активната архива и од пасивната архива по кои постапувала судија Александра Поп Стефанија како претседател на кривичен совет од истите уписници;
- предмети од уписник „Кр“;
- како Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет (уписник „Прк.Пов“.)
- предмети од уписник „Прк-р“;
- предмети за извршување на прекршочни санкции (уписници „Ипрк“, „Исам-Д“, „Исам“), како и предметите од активната и пасивната архива од судија Александра Поп Стефанија од областа на извршувањето на прекршочните санкции (уписници „Ипрк“ и „Исам“);
- како судија на предходна постапка по сите предмети од кривична област (уписници „К-ПП“ и „КНЗД“)
- предмети по барања за издавање дозвола за извршување (уписник „ИДС“),
- предмети од уписник „ППНИ“ формирани по барања за изземање од извршување по член 218 од Законот за извршување и по барања за одлагање на извршување по член 91 од Закон за извршување, со прераспределба на предмети и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**2. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува по:**

- парничните предмети од уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“,
- предмети од уписник „РО“;
- граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“;
- платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1-П.“ и „Пл.-1 П.“);
- оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“);
- вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“);
- други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“„ПСО“, „РП“„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“ „ИЗС“„ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“);
- по предмети формирани по приговори за незаконитости при извршувањето (уписник „ППНИ“),
- повторно заведени предмети од погоренаведените уписници од граѓанска писарница од судија Лазар Ризов, (кај уписник „РО“ и „Пл-1 П“ по автоматска распределба)
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по останати нерешени прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“ примени заклучно со 31/12/2022 година;
- по останати нерешени прекршочни предмети од уписник „Прк.с.“ примени заклучно со 31/12/2021 година
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова (уписник „И“),
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област,
- како Заменик на Претседателот на судот и
- предмети од уписник „Зав-х“, „Кр“ и „Прк.р“ како заменик на Претседателот на судот.

**3. Судија Лазар Ризов ќе постапува по:**

- парнични предмети по уписниците: „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“, „Малв.П“, „РО“, „Зам-с“, „Пл.“, „Пл-1 Малв.П.“ и „Пл.-1 П.“ - примени заклучно до 31/12/2022 година;
- оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“) - примени заклучно до 31/12/2022 година;
- вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“) - примени заклучно до 31/12/2022 година;
- други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“„ПСО“, „РП“„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“, „ИЗС“, „ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“) - примени заклучно до 31/12/2022 година;
- по предмети формирани по приговори за незаконитости при извршувањето (уписник „ППНИ“) примени заклучно до 31/12/2022 година;
- како член на кривичен совет;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија (уписник „И“)
- останати нерешени предмети од уписник „Прк.с.“ примени заклучно со 31/12/2021 година и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

Судија Лазар Ризов од 01/01/2023 година ќе постапува по новопримени предмети само како дежурен судија.

Од 01/01/2023 година судијата да се исклучи од автоматска распределба по сите уписници.

**4. Судија Розеана Ѓорѓиева ќе постапува по:**

- сите кривични предмети, како и по повторно заведени кривични предмети;
- замолници од кривична материја („Зам.К.")
- како член на кривичен совет и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**5. Судија Бојанчо Донев ќе постапува:**

- прекршочни предмети од уписниците „Прк-с" и „Прк-о", како и по сите повторно заведените предмети од уписниците „Прк-с" и „Прк-о";
- прекршочни предмети од уписниците „Прк-ј" примени од 01/01/2023 година и по повторно заведени предмети од уписник „Прк-ј" од судија Ацо Анѓелковски примени по 01/01/2023 година;
- предмети од активна и пасивна архива од судија Александра Поп Стефанија од уписниците „Прк-с",Прк-о" и „Прк-ј",
- замолници од прекршочна материја;
- кривични предмети од уписник „К" во случај на изземање на судија Розеана Ѓорѓиева со одлука на Претседателот на судот,
- предмети за извршување на кривични санкции (уписници „КУИКП", „ИКП", „ПК", „ИОИП" и „ИСАМ-Л"), како и по предметите од активна и пасивна архива од Одделението за извршувањето на кривичните санкции и
- како член на кривичен совет.

**6.** По одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен предмет во работа и по уписник кој не му е доделен со распоредот за работа.

**7.** Дежурните судии ќе постапуваат по сите итни предмети примени во судот по 14,00 часот во текот на работната седмица.

**8.** При оправдано отсуство на судијата на претходна постапка, итните предметите од уписникот „К-ПП", примени <u>во текот на работно време</u>, да се распоредуваат кај дежурниот судија по распоредот за дежурства на судиите.

Доколку отсуството на судијата на претходна постапка е во ден петок, кога настапува промена на дежурниот судија, итните предмети од уписникот „К-ПП" примени во текот на работното време во работен ден петок, да се распоредуваат кај дежурниот судија кој го започнува дежурството во работниот ден петок .

При непредвидено оправдано отсуство на дежурен судија (спреченост

дежурниот судија да постапува поради непредвидена нарушена здравствена состојба или друга оправдана непредвидлива околност), итниот предмет на дежурство се распоредува кај наредниот дежурен судија по месечниот распоред за дежурства на судиите.

9. Примерок од Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите за 2023-та година да се достави до судиите, извршителите во писарниците и информатичарот за негово спроведување во АКМИС.

10. Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите започнува да се применува од **01.01.2023 година.**

## Образложение

Претседателот на судот, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 112 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 27/12/2022 година и доставените мислења од судиите, го донесе Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2023-та година во Основен суд Неготино.

При изготвување на Распоредот за работа, Претседателот на судот ги имаше во предвид мислењата од судиите, па во делот од дадените мислења кој се однесува за постапување на секој судија во една правна област, оцени дека не постои можност за поделба на работата во специјализирани судски оддели, со оглед на тоа што Основниот суд Неготино е суд со пет судии, а предвид потребите од постапувања во различни правни области на различни судии, Распоредот за работа го направи на начин што дел од судиите ќе постапуваат во различни правни области, како што е и досегашниот начин на работење на овој суд години наназад.

Имено, при одлучувањето за распоредувањето на предметите во 2023-ра година, Претседателот на судот го имаше во предвид вкупниот број на нерешени предмети по судија и повоедначено оптоварување со предмети по судија.

Покрај таксативно наведените уписници по правни области, повторно од истите погоре образложени причини, со одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен во работа предмет и по уписник кој не му е доделен со распоредот за работа, а согласно член 177 и член 178 од Судскиот деловник.

Исто така, се имаше во предвид и фактот дека функцијата на судија Лазар Ризов престанува на ден 31/03/2023 година, поради навршување 64 години, па според бројот на останати предмети во работа кај судијата заклучно со 31/12/2022 година, се определи судијата од 01/01/2023 година да прима нови

предмети само како дежурен судија, а не и редовни нови предмети, поради што истиот ќе биде исклучен од автоматска распределба по сите уписници.

Врз основа на член 116 став 1 од Судскиот Деловник, се определи дека дежурните судии ќе постапуваат по сите итни предмети примени во судот по 14,00 часот во текот на работната седмица, поради неможност итниот предмет да го заврши редовниот судија до крај на редовното работно време.

Основен суд Неготино, 29/12/2022 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

**Правна поука:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.